Мелиса Фориќ

# Сараевски атентат



**Клучни прашања**

1. **Дали Сареевскиот атентат треба да се смета за херојски чин или злостор?**
2. **Каков вид на споменик треба да го одбележува атентатот во Сараево?**

**Тема**

Овој модул говори за Сараевскиот атентат, случка која го обележила почетокот на Првата светска војна и која се споменува ширум Европа. Главна контроверза на оваа тема е тоа што различно се прикажува настанот во учебниците во регионот и во самата БиХ. За некои од нив, атентатоторите се херои, а за останатите терористи кои иницирале криза која потоа довела до војна.

**Очекувани резултати**

- Стекнување на знаење за Сараевскиот атентат, неговите причини и последици, врз основа на различни перспективи
- Способност за поставување на јасни историски прашања; критичко користење на историски извори, историски толкувања (интерпретации) и перспективи, некои се од клучните елементи за разбирање на различните аспекти од Сараевскиот атентат
- Учениците ќе ги оценуваат историските извори во однос на нивната објективност и различните перспективи
- Учениците ќе развиваат вештина на емпатија

**Цели**

Целта на оваа работилница е да се стекне мултиперспективен увид во дадената тема, да се види мислењето на атентаторите и ставот на Владата. Учениците би требало нешто повеќе да научат за идеите кои ги навеле атентаторите на нивниот чин и да се види какви биле последиците од тоа. Целта на работилницата е и да се отвори прашање за делата сторени во име на патриотизмот, како и нивната оправданост. Воедно може да се употреби и на современи теми, поврзани за терористичките напади ширум светот.

## Упатство за наставници

**Работна активност - Прв дел**

Првиот дел на работилницата има за цел да биде спроведен како симулација на судењето.
Класот треба да се подели во три групи

1. Обвинителство
2. Одбрана
3. Порота

Наставникот се наоѓа во улога на судија.
Поротата треба да биде составена од поголема група на ученици (половина одделение), бидејќи оваа група ќе ги добие на увид сите документи од групите 1 и 2.

90
минути

Чекор 1
Збор на судијата – на почетокот од часот наставникот (судија) дава вовед во темата, изложувајќи основни факти: што, каде и кога. Наставникот ги користи воведниот текст и изворите од воведниот дел.

Чекор 2
Паралелна работа во групи – секоја од трите групи добива свои извори. Група 1 (обвинителство) и Група 2 (одбрана) треба критички да ги анализираат своите извори, да најдат одговор на клучното прашање од своја гледна точка и да организираат свое излагање како обвинителство, односно одбрана. Група 3 (порота) ќе ги добие сите извори од групите 1 и 2, со задача да ги прегледа и сортира по сопствено наоѓање, кои од изворите им припаѓаат на обвинителството, а кои на одбраната.

Чекор 3
Излагање на групите – Група 1 и Група 2 го изложуваат своето мислење и заклучоци врз основа на аргументите произлезени од анализата на изворите. Групите треба да го образложат својот одговор на клучното прашање.
Групата 3 треба внимателно да ги пратат излагањата како би биле во можност да проценат која група има подобра анализа, аргументација и излагање, како и која група подобро ги искористила своите извори. Врз основа на изложеното, поротата ќе донесе одлука и истата ќе ја претстави (конечна одлука). Поротата своето излагање во принцип треба да го заснова на излагањата кои ги има чуено, а сите извори кои им се дадени им служат за да донесат заклучок која страна (обвинителство или одбрана) имала подобро излагање и да донесе одлука (пресуда) – одговор на клучното прашање.

Чекор 4
Заклучок и дискусија – Наставникот и учениците ќе дадат завршни заклучоци по прашање на атентатот и неговите последици и влијанија.

**Работна активност – Втор дел**

Чекор 1
Учениците добиваат извори за подигнувањето и отстранувањето на споменикот на местото на атентатот во текот на XX век. За домашна задача, учениците треба да анализираат извори и да дадат предлог - елаборат со конкретни аргументи засновани на извори, за споменикот кој сметаат дека денес треба да го обележува местото на Сараевскиот атентат.

Чекор 2
Излагање на предлозите и решенијата за споменик на местото од Сараевскиот атентат, проследено со аргументација

Чекор 3
Дискусија за различните предлози и улогата на споменикот во секојдневниот живот.

**Прв дел**

Вовед

**Судиски збор**
На почетокот од часот судијата (наставникот) дава воведен збор – Вовед контекстуализација на темата и ги изнесува главните факти: кој, кога и каде.

***Вовед***

- *(1908-1909)*

*(1912-1913)* -

. -

.

, - ,

, , ,

. ,

.

,

. -

*1914*

.

*28.06.1914* , , , ,

, , , , ,

, .

- , .

. .

,

. ,

.

Извор **1**

**Карта на Австро-Унгарија со Босна како посебен дел од монархијата**





# Le Petit Journal

Le Petit Journal
CHAQUE JOUR – 6 PAGES – 5 CENTIMES
Administration : 61, rue Lafayette
Les manuscrits ne sont pas rendus

5 CENTIMES SUPPLÉMENT ILLUSTRÉ 5 CENTIMES

Le Petit Journal agricole, 5 cent. ~~ La Mode du Petit Journal, 10 cent.
Le Petit Journal illustré de la Jeunesse, 10 cent.
On s'abonne sans frais dans tous les bureaux de poste

ABONNEMENTS

| | SIX MOIS | UN AN |
|---|---|---|
| SEINE et SEINE-ET-OISE.. | 2 fr. | 3 fr. 50 |
| DÉPARTEMENTS........ | 2 fr. | 4 fr. » |
| ÉTRANGER.... .......... | 2 50 | 5 fr. » |

Dix-neuvième Année — DIMANCHE 18 OCTOBRE 1908 — Numéro 935



LE REVEIL DE LA QUESTION D'ORIENT
La Bulgarie proclame son indépendance. — L'Autriche prend la Bosnie et l'Herzégovine

**Прв дел**

Работа во групи

**Група 1 – Обвинителство**

Главна задача

Добиените извори од австро-унгарски, босанско-херцеговски и меѓународни весници, како и владини документи критички да се анализираат, да се пронајдат аргументи за одговор на прашањето зошто атентатот во Сараево треба да се гледа како злостор и да се подготви презентација.

Доказ **1**

**Официјални фотографии од посетата на Сараево**



*Sarajevo Museum, Sarajevo during the Austro-Hungarian Monarchy 1914-1918, Display presentation, photo by author*

**Задачи за изворите**

1. Погледни ги фотографиите по редослед со цел реконструкција на настанот!
2. Анализирај што е прикажано на нив и каква атмосфера владеела во моментот кога се направени?

Доказ **2**

**Напис од дневниот весник кој излегувал во Сараево во времето на Австро-Унгарската монархија, за посетата на Франц Фердинанд на Сараево**

(...) Генералниот надзорник на целокупната австро-унгарска војска престолонаследникот, надвојводата Фрањо Фердинанд доаѓа денес во Босна и Херцеговина. Престолонаследникот надвојводата Фрањо Фердинанд под будно око го прати развојот на БиХ и тој доаѓа во посета не само по должност, туку и затоа што со се срце ја има засакано. За да тоа и го докаже, доаѓа овде не сам, туку со сопругата војводката Софија. Екот на радост и веселба се разлева низ Босна и Херцеговина и народот се подготвува да ја употреби радосната ситуација и да им даде израз на своите династички и патриотски чувства. Во оваа радосна ситуација целиот народ на Босна и Херцеговина, без разлика, со срца полни со радост, воодушевено извикува: Добро ни дојде надвојводо и престолонаследнику!

*Sarajevski list (Dobro nam došao), br. 127, 25.juni 1914 – 12. juni ( From: Historical Archive Sarajevo)*

**Задача**

1. Анализирај со какви чувства народот го пречекува престолонаследникот?

Доказ **3**

**Насловни страни на странски весници**

“Војводата Франц Фердинанд и неговата сопруга војводката од Хохенберг убиени во текот на возењето по улиците на Сараево, Босна”


THE NEW YORK HERALD

ARCHDUKE FRANCIS FERDINAND AND HIS CONSORT, THE DUCHESS OF HOHENBERG, ARE ASSASSINATED WHILE DRIVING THROUGH STREETS OF SARAJEVO, BOSNIA

*http://blog.postcardgallery.net/i/pics/nyh-06-29-1914-saraevo-asassination.jpg (New York Herald, New York daily paper published in the period 1835 to 1924) , downloaded on 2 June 2013*

Domenica del Corrierre (италијански неделен часопис)




*http://previews.agefotostock.com/previewimage/bajaage/510b7d637895591db19d6200dd4aa0f2/DAE-11319783.jpg downloaded on 27 Feb. 2012)*

“Катастрофа во Сараево. Атентат над надвојводата франц Фердинанд и војвотката од Хохенберг со бомба!”
Престолонаследникот и неговата сопруга убиени. Два атентата. (...) Атентаторите уапсени. Враќање на царот.”


Illustrierte Kronen Zeitung

Die Katastrophe von Sarajewo.
Attentat auf Erzherzog Franz Ferdinand und Herzogin von Hohenberg.
Mit Bombe und Browning.
Der Thronfolger und seine Gemalin ermordet.
Zwei Attentate.
Dem ersten entkommen, dem zweiten erlegen.
Die Attentäter verhaftet.
Von der empörten Menge blutig zugerichtet.
Rückkehr des Kaisers.

http://einestages.spiegel.de/hund-images/2009/11/16/96/e70e86700c4437f45762133de62765b5_image_document_large_featured_borderless.jpg , downloaded on 2 June 2013)

“Наследникот на австрискиот престол е убиен со својата сопруга од страна на босанската младина која сака да се одмазди поради одземањето на земјата”


The New York Times.

HEIR TO AUSTRIA'S THRONE IS SLAIN WITH HIS WIFE BY A BOSNIAN YOUTH TO AVENGE SEIZURE OF HIS COUNTRY

Francis Ferdinand Shot During State Visit to Sarajevo.

TWO ATTACKS IN A DAY

(New York Times (American daily paper published continuously since 1851), 29 July 1914, Internet, http://blu.stb.s-msn.com/i/7B/4992F9D19CEEE63507ADD6D4C2BE2.jpg, downloaded on 2 June 2013

**Задачи**

1. Како е пренесена веста во странските весници?
2. Зошто оваа вест предизвикала волкаво внимание и интерес ширум светот?

Доказ **4**

**Извадоци од странски весници**

Politische Correspondenz (Виена)
Die Ermordung der Hronfolgers und seiner Gemahlin — број 11610 од 30. јуни 1914.
Оваа новинска агенција објавува што пишувале Виенските весници два дена по атентатот
Neue freie Presse: Атентатот беше балканско убиство, дело на крвожедност, слично на дивјачко касапење. Но, доколку овој атентат треба да значи дека нашите владетели и наследници на престолот секогаш вака ќе бидат дочекувани во Сараево, тогаш единствен одговор може да биде: "Овде сме и овде остануваме". Сите државни владетели мораат да размислуваат за мир, но не смеат да дозволат балканската зараза да се шири, бидејќи злосторствата се заразни.
Die Zeit: Тешка сенка падна на Србија. Нејзе сега и

Доказ **5**

**Статија од дневниот весник кој излегувал во Сараево во време на Австро-Унгарската монархија, за атентатот врз Франц Фердинанд**

Доказ **6**

**Гласот на историографијата – историја на атентатот**

Жерајиќ пукаше на гувернерот на Босна и Херцеговина, генералот Варешанин, како би му дал до знаење на врвот на Австро-Унгарската власт дека младината на отворањето на Собранието ги препознава нивните намери (...)
Лука Јукиќ се обиде (08.06.1912) да изведе атентат на кралскиот комесар Славко Цуваја, како би им го пренел на Унгарските власти ставот на Хрватската младина дека Хрватска не е Унгарија, туку своја – Хрватска
Во определеноста на припадниците на југословенското национал-революционерно движење, во прв ред "Млада Босна", за атентатите како метод на борба против туѓинската власт, национално ослободување и обединување, влијаеле одредени политички и општествени прилики, културно-оилитички влијанија, без кои не може да се објасни нивната морална и интелектуална физиономија, нивниот историски лик.

*Enver Redžić, Omladinski pokret I sarajevski atentat, Prilozi za istoriju BiH, Posebna izdanja ANUBiH, LXXIX, Odjeljenje društvenih nauka, knj. 17. Sarajevo 1987, 318-319.*

Доказ 7

**Официјални документи за националистичко-револуционерната младинска организација во Сараево**

Препис на провинциската влада на Босна и Херцеговина, број 5544 Прес. Сареаво 9 јули 1914

Постоењето на една националистичко-револуционерната организација во Сараево.

Некое време наназад, најверојатно не порано од една година, во Сараево постои младинска организација, под име кое звучи наивно, "Српско-хрватска националистичка младина".

Ова не е некоја организација од цврст вид, туку тоа е пред се организација на ученици од Учителската школа, потоа средношколци, а има и неколку младинци од трговски и занатски сталежи.

Таа нема некои посебни правила ниту свои простории. Главна основа на нејзината дејност ја чинат статутот на злогласното "Народно обединување" и "Народно единство" од Белград, на кое своевремено му припаѓање и атентаторот Жераиќ. Целта и задачата на оваа организација е сета младина од словенскиот југ да се воспитува во единствен дух и да се организира за одвојување од Хабсбуршкиот престол ("Од неподносливиот Хабсбуршки јарем").

Центри на ова движење се Белград, Загреб, Љубљана и Сараево, а во сите средни училишта би требало постепено да се отвораат подружници.

V. Bogičević, Mlada Bosna, Sarajevo 1954.

Доказ 8

**Слика од судењето**



*Музеј Сараево, Сараево во Австро-Унгарија 1914-1918*

**Задача**

1. Во изворите пронајди ги проценките на Власта за улогата и идеите на младинското движење и неговата поврзаност со атентатот.

**Задачи**

1. Анализирај ги фотографиите од судењето на атентаторите.
2. Какви емоции можеш да препознаеш на нивните лица?

Доказ 9

**Новинарски напис: "Извештај на резултатите од истрагата"**

Извештајот од резултатите на истрагата во Сараево гласи: Истрагата која е водена од страна на Сараевскиот суд во однос на Гаврило Принцип и неговите другари поради извршеното злосторство на 15 јуни оваа година и поради соучесништво во истото, досега утврди:

1. Планот за убиство на надвојводата Франц Фердинанд за време на неговиот престој во Сараево е подготвен во Белград од Гаврило Принцип, Недељко Чабриновиќ и Трифко Грабеж, со помош на мајорот Воје Танкосиќ.
2. Шест бомби и четири Браунинг револвери со муниција кои ги користеле злосторниците се набавени и дадени на Принцип, Чабриновиќ и Грабеж во Белград од некој Милан Цигановиќ и мајор Танкосиќ.
3. Бомбите ре рачни гранати од депото на српската војска во Крагуевац
4. Цигановиќ ги подучувал Принцип, Чубриновиќ и Грабеж како да ракуваат со гранатите и ги упатил во една шума покрај стрелиштето на Топчидер
5. Како би им помогнал на Принцип, Чубриновиќ и Грабеж да ја преминат босанско-херцеговската граница и како би им овозможил криумчарење на нивното оружје, Цигановиќ организирал цел еден систем. Влегувањето на злосторниците во Босна и Херцеговина го извеле на пограничните органи од Шабац (Раде Поповиќ) од Лозница, како и царинскиот службеник Радивој Грбиќ од Лозница со помош на други лица.

*Politika, br. 3769, 12. 07. 1914.*

Прв дел

работа во групи

## Група 2 - Одбрана

Главна задача
Одбраната добива извори од програмските документи на Младинската организација и нивната идеологија, написи од српски и меѓународен печат, писма и лични документи на атентаторите. Задачата е критички да ги анализираат, да се најдат аргументи за одговор на прашањето дали може Сараевскиот атентат да се смета за херојски чин, оправдан со патриотски причини и да се подготват аргументи за излагањето на одбраната.

Доказ 1

**Писмо-леток од Млада Босна, кое ја дефинира програмата на движењето**

МЛАДА БОСНА
Босна е стара српска земја. По својата психологија, култура, целиот живот. Пет векови ропство оставило длабока рана во нејзината душа. Таа примала удари, била убивана, паѓала и потклекнувала, секогаш со себе носејќи некоја верба, некој голем и топол инстинкт. По маките од паѓањето, освежувана од своето срце, повторно започнувала да живее, молчалива, спора и затворена. Нејзината историја последните сто години полна е со пролевање на крв, оган и дим. Додека деловите на нашиот народ во другите краишта влегуваа во културни промени, одбивајќи ги од себе многубројните варварски ропства, ние бевме камшикувани, останавме примитивни, неизградени и голи. (...)
Младото босанско движење за обнова на земјата мора да се темели на длабока, огромна љубов кон народот и кон самите себе. Никаква сила не смее таа љубов да ја згасне или поколеба. Така, со спора и скромна работа, ќе се изврши најголемиот процес во животот на народот, ослободување од темнината и негово воздигнување до духовна слобода и морална независност. Нашата млада земја, скршена и напатена, ропска и полна темнина, може да тргне само по тој пат. Во состојба на духовна и економска криза, таа се искачува кон новото сонце, носи нова верба и создава нов живот. Она што и се дава е само мал придонес кон нејзината обнова, нејзиното големо Воскреснување кое доаѓа...

*Vladimir Gaćinović, Calendar Prosvjeta, Sarajevo, 1911, 92-94, in: V. Bogičević, Mlada Bosna, pisma i Prilozi, Sarajevo 1954.*

**Задача**

1. Пронајди во текстот за што се залагале и од што биле раководени припадниците на Млада Босна?

Доказ 2

**Стенограм од изјавата на Гаврило Принцип за неговите политички уверувања.**

Гаврило Принцип за своите и политички стремежи на млада Босна
“Идеал на младоста: Единство на југословенските народи на Срби, Хрвати и Словенци, но не под Австрија. Во некоја државна форма, во Република или слично. Мислеше дека ќе се случи револуција доколку Австрија западне во тешка положба. Но за таква револуција треба да се подготви теренот, да се создаде расположение. И претходно се случувале атентати, а атентаторите биле херои за нашата младина. Не мислеше да стане херој. Само сакаше да загине за својата идеа. (...).

*Dr Martin Papenhajm; Princip o sebi, Zagreb 1926), in: V. Bogičević, Mlada Bosna, pisma i Prilozi, Sarajevo 1954, 464-465.*

**Задача**

1. Во текстот пронајди за што се залагали и со што се занимавале припадниците на Млада Босна?

Доказ 3

**Памфлет на подржувачите на атентаторот**

Ги сакаме нашите херои: Јукиќ, Зерајиќ, Дојчиќ, Чабриња, Планишчак, Принцип, бидејќи се пророци на нацијата! Синови на Југославија!
Зарем не чувствувате, синови на Југославија, дека во крвта лежи нашиот живот и дека атентатот е бог на боговите на нашата Нација, бидејќи тој докажува дека Млада Босна живее. Да живеат тие кои го притискаат несносниот империјалистички баласт, да живеат тие кои се подготвени да загинат!
Во крвта е животот на расата, во крвта е богот на Нацијата! Атентатот е Воскрсение на Нацијата! Смртта на стотина Југословенски синови е доказ, а смртта на двајцата нејзини херои е Воскресение на нашите срца. О свети, о големи, синови на Југословенското семејство!

*V. Bogičević, Mlada Bosna, Sarajevo 1954.*

**Задачи**

1. Кои аргументи за одбраната можат да произлезат од наведените текстови?

Доказ 4

**Стенограм од судењето на Гаврило Принцип**

Гаврило Принцип
Претседателот: На какво мислење сте?
Обвинетиот: Јас сум југословенски националиста и тежнеам кон обединување на Југословените во било која државна форма, да се ослободат од Австрија.
Пр.: Какво беше мислењето за Австрија во вашите кругови?
Об..: Се мислеше дека е зло во нашиот народ, како што фактички и е и дека не е потребна.
Пр.: Какво беше мислењето за Србија, дали за Босна би било корисно да се припои кон Србија?
Об.: Имаше мислење да се обедини Југославија. Се разбира, Србија како веќе слободен дел на Југословените, имаше морална должност да помогне за тоа обединување, да биде како Пиемонт во Италија.
Пр.: Какво беше мислењето на Илиќ во политичка смисла?
Об.: Тој е националиста како и јас, Југословен.
Пр.: Значи со исти размислувања како и вие?
Об.: Да, дека Југословените треба да се обединат.
Пр.: Под Австрија?
Об.: Чувај боже! Јас не бев за династии. Толку далеку не одевме, туку мислевме: обединување, па како ќе наложат приликите.
Бранител, Др. Премужиќ: Верувате ли во Бога или сте атеист?
Об.: Атеист.

*Bilješke iz stenograma sa procesa protiv zavjerenika u Sarajevskom atentatu 1914 g.) DAS, akv. br. 828. u: V. Bogičević, Mlada Bosna, Sarajevo 1954..*

Доказ 5

**Стенограм од сведочењето на Недељко Чабриновиќ**

Пр.: Дали сте биле националист?
Об.: Да, но ги задржав своите анархистички идеи.
Пр.: Дали и другите беа такви?
Об.: Другите беа радикални националисти.
Пр.: Што значи тоа радикални националисти?
Об.: Обединување на сите Срби под една круна. Воспоставување на старото Душаново Царство.
Пр.: Под Австрија?
Об.: Не.
Пр.: Како тежнеевте да го остварите тоа?
Об.: Со војна против Австрија за отргнување на Босна и Херцеговина, Срем и Банат.
Пр.: И вие се залагавте за тоа?
Об.: Мојот идеал беше една Југословенска Република, воопшто Словенска Република.
Пр.: Како сметате дека тоа може да се оствари?
Об.: Тоа е невозможно по легален пат.
Пр.: Како е тоа возможно, во Србија има една династија, дали таа е популарна?
Об.: Да.
Пр.: Како вие тоа го замислувате?
Об.: Сметам дека може да се постигне со организација како што тоа го правеше Мацини во Италија. Но, бидејќи Србите и сите оние меѓу кои се движев имаат за свој идеал отргнување на Босна од Австрија и припојување кон Србија, околу тоа се сложувавме. Се разликувавме само во тоа што тие се приврзаници на династијата на Караѓорѓевиќ, а јас сум до крај приврзаник на анархистичките идеи. Можев да се променам само колку ним да им понудам некаков компромис, да таа династија или самиот Крал Петар остане Крал додека е жив, но по неговата смрт да се зоздаде југословенска република.
Пр.: Која е твојата вера, дали си атеист?
Об.: Атеист.

*Bilješke iz stenograma sa procesa protiv zavjerenika u Sarajevskom atentatu 1914 g.) DAS, akv. br. 828. u: V. Bogičević, Mlada Bosna, Sarajevo 1954.*

**Задача**

1. Кои идеи и чувства преовладуваат во одговорите на Гаврило Принцип во стенограмите?

**Задача**

1. Што за своите цели и убедувања говори Недељко Чабриновиќ во стенографските белешки?

Доказ **6**

### Статија од “Политика”

Крвавото збиднување во Сараево остави длабок впечаток во сите слоеви на општеството во Белрад. Тој впечаток е толку длабок да сите ние знаевме дека ќе уследат големи неприлики за нашиот народ во Австро-унгарската мнархија. (...)
По стариот обичај, печатот во Виена ќе нападне со обвинивања кон српскиот народ и Србија. Српскиот народ ќе биде виновен за тоа што атентаторите Чабриновиќ и Принцип се Срби по националност. Србија ќе биде виновна за тоа што еден од атентаторите, како што јавуваат депешите од Сараево, на сослушувањето изјавил дека претходно бил во Белград. А и едно друго обвинение е апсурдно. Ниту целиот народ може да биде одговорен за делата на еден или двајца поединци, ниту Србија може да биде одговорна за делата на некој човек затоа што тој живеел во Србија. (...)

*Политика, бр. 3744, 17 јуни 1914*
*Narodna biblioteka Srbije, Online katalog*




### Судењето во Сараево

Започна претресот за Принцип, Чубриновиќ и другарите поради убиството на Фраљо Фердинанд и неговата сопруга. Државниот обвинител на сараевскиот суд ги обвинува Принцип и уште дваесет и двајца негови другари за велепредавство, две убиства со умисла. Покрај нив обвинети се уште тројца за соучесништво и прикривање на оружје кое е набавено за да се извршат атентатите. Во обвинението се образложува заверата организирана во Белград од членовите на Народната одбрана и го опишува патувањето на заговорниците, како и патот на оружјето во Босна, начинот на кој заговорниците успеале да регрутираат соучесници, како и останати детали околу атентатот. Изложувајќи ги мотивите за атентатот, кој е политички настан од прв ред, обвинението ги опишува иредентистичките поткопувања на големосрпските кругови во Белград кои досегаат до самиот двор, а воедно и системската работа против Австро-Унгарската и Хабсбуршка династија во Србија, Хрватска и Босна. Работа чија единствена цел е на Австро-Унгарската монархија да и се одземат Хрватска, Далмација, Истра, Босна, Херцеговина и провинциите на јужна Унгарија населени со Срби, како и тие земји да се присоединат кон Србија. Заговорниците Принцип и Чубриновиќ признаа, како се тврди во една депеша од Сараево, дека биле инспирирани од омраза кон Монархијата и големосрпските националистички чувства кои тежнеат кон обединување на сите Југословени, уништување на Австро-Унгарија и создавање на големо српско царство. Поради тоа, тие направиле план за атентат на надвојводата Франц Фердинанд, план кој и го оствариле.

*Политика, бр. 3842, 6. 10. 1914,*
*Narodna biblioteka Srbije, Online katalog*

**Една судска сцена подготвена по Виенски вкус,** Виена 15 октомври
На крајот од сараевскиот претрес Чубриновиќ го завршува својот исказ со следните зборови:
“Навистина не знаевме дека покојникот е татко, дека има деца, овде рабравме за тоа. Потресени сме од неговите последни зборови упатени кон неговата сопруга: Не умирај! Живеј за своите деца (целата сала плаче). Можеби сум злосторник, убиец. Правете со мене што сакате, но се колнам пред бога, само сакам стариот цар, децата, во своите души, да ми простат што им згрешив. Вие, судијо, пратете не веднаш во смрт. Не сме обични злосторници, само сме заведени момчиња.” Понатаму не можеше да говори од плачот. Потоа претседателот се свртe кон обвинетите и праша дали уште некој сака да говори? Тогаш, цврсто и одлучно стана гаврило Принцип (...), зацрвенет од возбуда, но прибран како би се видело како владее со силата на својот глас и енергично изјавува:
“На овој атентат никој не не поттикнуваше. Кога овде Чубриновиќ говори поинаку, тој лаже, а лаже и обвинителот, кој сака тоа да го докаже. Нас никој не не најми. Го сакавме својот народ, ги знаевме приликите во кои се наоѓа, добро ги познававме сите негови јадови! Тоа е вистината.”

*Политика 3850, 14. 10. 1914.*
*Narodna biblioteka Srbije, Online katalog*




“Гаврило Принцип, студент на завршната година од Гимназија, на денот на Св. Вид во Сараево го уби Франц Фердинанд Австро-ингарскиот престолонаследник и неговата сопруга.
Политика 06.07.2014 – единствената фотографија во “Политика” на која е претставен Гаврило Принцип

Nikola Đ. Trišić, S ,
VeselinMasleša, Sarajevo 1980)

### Задачи

1. Како известува српскиот печат за атентаторите и нивното судење?
2. Кои се аргументите можат да се извлечат за одбраната од наведените текстови?
3. Како може да се објасни причината зошто единствено сликата на Гаврило Принцип е објавена во весникот “Политика” во 1914 година?

## Втор дел

**Каков вид на споменик треба да го обележи Сараевскиот атентат?**
Учениците добиваат извори за поставувањето и отстранувањето на споменик од местото на атентатот во текот на XX век. За домашна задача, учениците треба да ги анализираат изворите и да елаборираат предлог со конкретни аргименти базирани на изворите, за спомeникот кој денес би требало да го одбележува атентатот во Сараево.
Домашна задача

1. Анализирај и подготви предлог споменик кој би требало да го обележува местото на Сараевскиот атентат денес.

***Вовед***

*, ,*
*, .*
*, , 28 1914 .*
*, , ,*
*. 1917 ,*
*-*
*, .*
*, (1918-1941),*
*, 1919 .*
*. .*
*1920*
*.*
*. 1941*
*- .*
*, (1945-1991) 6*
*1945 - ,*
*(1956). (1953),*
*. 1992*
*,*
*. 1995*
*1878-1918, .*
*. -*
*.*

Извор **1**

**Слики и информации за подигањето на споменик на Франц Фердинанд и Софија во 1917 година**

"На ова место надвојводата Франц Фердинанд и неговата сопруга Софија ги дадоа своите животи и пролеаа крв за Бога и татковината"
Натпис на споменикот од 1917 год.

*Музеј на градот Сараево*





Извор **3**

**Филм за отстранувањето на меморијалната плоча на Гаврило Принцип од страна на германците во Сараево 1941 г.**

**(***Youtube***) http://www.youtube.com/watch?v=zeHbpHye-jQ&feature=g-hist&context=G23aececAHT**



Извор 5

**Статија за поставувањето на мемори-јалната плоча на местото на убиството (8 мај 1945)**

Откривање на спомен плочата на Гаврило Принцип
Како дел од Првиот младински конгрес, 7 април во 16:00, со голем собир во паркот на Цар Душан во Сараево започна манифестација на откривање на спомен-плоча на големиот народен херој и маченик, борец за слобода и братство на сите југословенски народи, Гаврило Принцип. (...) по говорот, формирана е поворка која се упати до историското место, Мостот на Принцип, каде што куршумот на Гаврило Принцип ја најави смртта на сите кои се обидуваат да му наметнат ропство на нашиот народ.
Нова плоча поставена е на истото место каде што стоела и претходната спомен-плоча во чест на Гаврило Принцип, која непријателот ја отстранил во првите денови од окупацијата (...).
Откривањето на плочата присатните го поздравија со зборовите: “Слава на бесмртниот народен херој Гаврило Принцип и неговите другари”.

*Oslobodjenje, 8. 05. 1945*

Извор 6

**Меморијалната плоча подигната 2002**




*фотографија на авторот, 2002*

**ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ**

**1. Краток филм за атентатот movie about assassination**

http://www.youtube.com/watch?v=5_qvMyklN20

**2. Филм за отстранувањето на меморијалната плоча во 1941 година**

http://www.youtube.com/watch?v=zeHbpHye-jQ&feature=g-hist&context=G23aececAHT009KAADAA